Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

-----------------------------------------------

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА

с.р. Славјанка Петровска

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА РАБОТА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА ЗА 2022 ГОДИНА

бр. 12-909/1

24.02.2023 година

**Скопје, февруари 2023**

## ВОВЕД

Согласно Планот за работа на Министерството за одбрана за 2022 година и Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на следење, оценување и известување за спроведувањето на стратешкиот план и Годишниот план за работа, изработен е Извештајот за спроведување на Годишниот план за работа на Министерството за одбрана за 2022 година.

Годишниот извештај има за цел да даде преглед за степенот на реализација на активностите кои се во согласност со Долгорочните развојни цели на одбраната и исполнување на Стратешките приоритети и приоритетните цели дадени во Годишната Програма за работа на Владата за 2022 година.

## 1. ПРОГРАМИ: (Преглед на Програмите и потпрограмите)

Планот за работа на Министерството за одбрана се состои од 8 (осум) програми кои не се содржински идентични со буџетските програми. Секоја програма има повеќе подпорграми. Програмите, со соодветните подпрограми, врз основа на кои е изработен Извештајот за спроведување на Годишниот план за работа на Министерството за одбрана за 2022 година се следните:

### Програма 1: Администрација

**Потпрограма 1.1:** Законска и стратегиска рамка (изработка на закони, стратегиски документи;
**Потпрограма 1.2:** Планирање и подготовки во одбраната;
**Потпрограма 1.3:** Правна заштита, финансии, ревизија и инспекција;
**Потпрограма 1.4:** Активности во нато контекст;
**Потпрограма 1.5:** Меѓународни активности (билатерални, регионални, мултилатерални);
**Потпрограма 1.6:** Функционирање и реформи во министерството за одбрана;
**Потпрограма 1.7:** Цивилна одбрана;
**Потпрограма 1.8:** Безбедност и воено разузнување;
**Потпрограма 1.9:** Комуникации и информатичка поддршка;
**Потпрограма 1.10:** Издавачка дејност и односи со јавност.

### Програма 2: Персонал и образование

**Потпрограма 2.1:** менаџирање со персоналот во одбраната (вработување,регрутирање, пензионирање, наградување, оценување);
**Потпрограма 2.2:** развој во кариера и мотивирање на персоналот;
**Потпрограма 2.3:** подобрување на стандардот на вработените во мо и армијата;

**Потпрограма 2.4**: стручно оспособување и усовршување во земјата и во странство.
**Потпрограма 2.5**: воена академија

<u>Програма 3: Функционирање на армијата</u>

**Потпрограма 3.1**: Оперативно функционирање на армијата;
**Потпрограма 3.2**: Учество на армијата во поддршка на цивилните институции во услови на кризи и кризни состојби;
**Потпрограма 3.3**: Несуштински дејности;

<u>Програма 4: Обука</u>

**Потпрограма 4.1**: Обука (активен и резервен состав);
**Потпрограма 4.2**: Вежби (национални и меѓународни);
**Потпрограма 4.3**: Обука на регрути (доброволно служење на воен рок);

<u>Програма 5: Логистика</u>

**Потпрограма 5.1**: Оперативно логистички работи, хтз и ппз ;
**Потпрограма 5.2**: Движење и транспорт ;
**Потпрограма 5.3**: Медицинска поддршка;
**Потпрограма 5.4**: Снабдување на материјали;
**Потпрограма 5.5**: Поддршка од земја домаќин.

<u>Програма 6: Опремување и модернизација</u>

**Потпрограма 6.1**: Вооружување и воена опрема за копнена војска;
**Потпрограма 6.2**: Вооружување и воена опрема за воено воздухопловство;
**Потпрограма 6.3**: Формирање и одржување на воено-материјални резерви со муниција и минско-експлозивни средства;
**Потпрограма 6.4**:Медицинска опрема;
**Потпрограма 6.5** Опрема за потебите на логистиката;
**Потпрограма 6.6** Информатичка и комуникациска опрема за мо и армијата;
**Потпрограма 6.7** Научно изстажувачка работа.

<u>Програма 7: Објекти и инфраструктура</u>

**Потпрограма 7.1**: Одржување и инфраструктура;
**Потпрограма 7.2**: Изградба и реконструкција на објекти и инфраструктура;
**Потпрограма 7.3**: Реализација на задачи од областа на угостителство и услуги.

<u>Програма 8: Мировни и хуманитарни операции</u>

**Потпрограма 8.1**: Придонес во операции и мисии предводени од НАТО;

**Потпрограма 8.2:** Придонес во операции и мисии предводени од ЕУ;
**Потпрограма 8.3:** Придонес во операции и мисии предводени од оООН;
**Потпрограма 8.4:** Придонес во други операции и мисии.

## 2. ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

2.1 Во Извештајот се опфатени планови, програми, подпрограми, проекти и активности чии носители се секторите во Министерството за одбрана, ГШ на Армијата на Република Северна Македонија, Воената Академија и Воениот Музеј. Министерството е овластен предлагач на закони и подзаконски акти на ДБКИ, ЦУК, ДЗС. Согласно добиените извештаи од организационите единици на МО, ГШ на Армијата на Република Северна Македонија, Воената Академија и Воениот Музеј за реализација на активностите состојбата на реализација е следна:

- Реализирани – 150;
- Делумно реализирани - 48;
- Нереализирани активности – 53;
- Непредвидени активности - 3; и
- Вонплански активности - 2.

Степенот на реализација на активностите е даден и во процентуална пресметка и истите се внесени во посебен табеларен преглед ( прилог на документот) по прорами, подпрогарми и вкупна реализација.

Најголем дел од нереализираните задачи се следните:

- Програма – „Администрација“: - вкупно 22 активности се нереализирани од кои повеќето се од Потпрограмата: „1.1 Законска и стратегиска рамка“ каде што нереализираните активности се во надлежност на други институции за кои МО е овластен предлагач (ДБКИ, ЦУК, ДЗС), но Министерството за одбрана согласно законската регулатива има обврска да биде носител на активноста, како и во Потпрограма: „1.3 Правна заштита, финансии, ревизија и инспекција“, каде што поголемиот број од нереализирани активности се подзаконски акти (правилници, уредби и сл.)
- Програма – „Опремување и модернизација“ – вкупно 15 нереализирани активности во одделните потпрограми, од кои најголем дел се во Потпрограма – „Вооружување и воена опрема за копнена војска“.

2.2 Сите Иницијативи кои се во надлежност на Министерството за одбрана се доставени до Влада и истите се опфатени во Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година. Поголемиот број од иницијативите се со статус на реализација, „реализирани“. Иницијативите кои не се реализирани се најмногубројни од делот на законската регулатива, и истите се со нови рокови за реализација

префрлени за наредната година, односно се дел од Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година.

Преглед на иницијативи доставени до Влада на Република Северна Македонија:

1. Информација за степенот на имплементација на обврските од НАТО процесот на одбранбено планирање (NDPP);
2. Предлог- Годишен план за набавки и склучување на договори на Владата на Република Северна Македонија со влади на странски држави;
3. Предлог- одлука на Влада за донесување на Уредба за критични специјалности од доменот на Комуникациско Информациски Системи – КИС и Сајбер одбрана во МО и Армијата;
4. Предлог-одлука за донесување Уредба за методологија за распределба на наменски дотации за плати и додатоци на плати за вработените во територијалните противпожарни единици за 2022 година;
5. Предлог- за измена на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост;
6. Педлог- одлука за потпишување на трилатерален Договор за размена на материјали и услуги со Република Словенија и Република Црна Гора;
7. Предлог-одлука за усвојување/донесување на Концептот за поддршка од земјата домаќин;
8. Предлог- закон за вработените во Министерството за одбрана;
9. Предлог- одлука за поддршка од страна на Армијата на другите државни институции (во случај на природни и други настанати катастрофи), а во функција на јакнење на капацитетите и способностите на националниот систем за управување со кризи, за 2023 година;
10. Предлог- одлука за поддршка од страна на Армијата на другите државни институции (во случај на природни и други настанати катастрофи), а во функција на јакнење на капацитетите и способностите на националниот систем за управување со кризи, за 2022 година;
11. Предлог- одлука за покренување постапка за изработка на национална Стратегија за геопросторна и метеоролошка поддршка;
12. Информација за преземање на професионални војници со навршени 45 години возраст од Министерството за одбрана во органите на државната и локалната власт и во други државни органи за 2022 година;
13. Предлог- одлука за реализација на билатералната вежбата „ПРЕДИЗВИК 22“;
14. Предлог-одлука за реализација на меѓународна вежбата „SEVEN STARS 22“ во Република Северна Македонија;
15. Предлог-одлука за реализација на меѓународна вежба „SABER JUNCTION 22“ во СР Германија;

16. Предлог-одлука за реализација на меѓународна вежба „EFES 22“ во Република Турција;
17. Предлог-одлука за реализација на меѓународна вежба „COMBINED RESOLVE XVII“ во СР Германија;
18. Предлог- одлука за реализација на меѓународна вежбата „SWIFT RESPONSE 22“ во Република Северна Македонија;
19. Предлог-одлука за реализација на меѓународна вежбата „TROJAN FOOTPRINT 22“ во Република Северна Македонија;
20. Предлог-одлука за реализација на национална вежба „БЛЕСОК 22“ во Република Северна Македонија;
21. Предлог- одлука за реализација на меѓународна вежба „KFOR 30“ во СР Германија;
22. Предлог- одлука за ажурирање на Планот за одбрана;
23. Предлог-одлука за придонес во активности на НАТО за одвраќање и одбрана на источното крило на Алијансата преку „Засилено истурено присуство “ (Enhanced Forward Presence - eFP) во Р.Летонија;
24. Предлог - Одлука за распоредување на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировна операција на Европската Унија во Централно Африканска Република – ЕУТМ ЦАР;
25. Предлог - Одлука за учество во операцијата на НАТО во Косово-КФОР во 2022 година;
26. Предлог - Одлука за распоредување на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировна операција на Европската Унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, АЛТЕА;
27. Предлог - Одлука за распоредување на припадници на Армијата на Република Северна Македонија во мировната операција на ООН „УНИФИЛ“ во Либан;
28. Годишен извештај до Собранието на Република Северна Македонија за учеството на припадници на Армијата и вработените во Министерството за одбрана во хуманитарни операции, меѓународни операции, во НАТО мисии и операции во примената на правото на индивидуална или колективната самоодбрана, надвор од територијата на Републиката во 2022 година;
29. Предлог- одлука за измена на Уредбата за методологијата за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на Република Северна Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина,начинот на чување и ажурирање,ако и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна, извод од процената;
30. Информација за спроведување на проект планот за конверзија на несуштински имот на МО и Армијата;
31. Предлог- одлука за потпишување на Договор за соработка во одбраната меѓу Владите на РСМ и Португалската Република;
32. Закон за изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации;
33. Уредба за безбедност на лица-корисници на класифицирани информации;

34. Уредба за административна безбедност на класифицирани информации;
35. Уредба за физичка безбедност на класифицирани информации;
36. Уредба за индустриска безбедност на класифицирани информации;
37. Уредба за безбедност на комуникациско-инфорациски системи класифицирани информации;
38. Предлог-закон за заштита од пожари;
39. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување;
40. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за посебните права на учесниците во мировните операции и операциите за колективна одбрана надвор од територијата на Република Македонија и на членовите на нивните семејства.

2.3 Јавните набавки се реализираа согласно предвидената динамика, но има набаки за кој е прекината потапката за набавка поради соодветна оправдана причина.

## 3. РАЗВИВАЊЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ

3.1 Согласно Годишниот план за вработување за 2022 година се спроведуваат постапки за вработување. Во 2022 година планирани беа 15 (петнаеет) нови вработувања од кои реализирани се 12 (дванаесет) вработувања на Административни службеници, а за 3 (три) не е извршен избор. По основ на превземање од други институции реализирани се 6 (шест) вработувања. Во 2022 година планирани беа 29 (дваесет и девет) унапредувања од кои реализирани се 23 (дваесет и три, а за 6 (шест) не е извршен избор. Во рамки на Армијата примени се нови 200 професионални војници, а произведени се во чин подофицери 150 професионални војници. Унапредени во повисок чин се 118 офицери и 47 подофицери.

Индивидуалнаа обука на персоналот на Армијата се спроведуваше во рамки на единиците и на полигоните за обука во рамки на касарните и вон касарните. Колективната обука на Армијата се реализираше преку планот за вежбовни активности на национално и меѓународно ниво. Согласно Планот за организација и учество на вежби од меѓународен карактер во 2022г. беа планирани 35 вежби (29 редовни и 6 вон плански) од кои реализирани се 27 вежби, а не се реализирани 8 вежби. Од вкупно реализираните 27 вежби, 22 се реализирани надвор од територијата на државата, а 5 се организирани во Република Северна Македонија

3.2 Се спроведува начелото за соодветна и правична застапеност во Министерството за одбрана за реализација на истото се доставуваат месечни извештаи за состојбата со соодветна и правична застапеност до Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците;

3.3 Редовно се организираат стручни и меѓународни обуки од областа на односите со јавноста во РЦОЈ за персоналот во МО и ГШ на Армијата. Во рамки на Центарот з аобука „Др. Џозеф Крузерл“ се спроведуваат

генерички и специјализирани обуки и обуки на билатерална основа. Овие обуки за потребите на персоналот од МО и Армијата се реализираат согласно Планот за генерички обуки, Планот за специјализирани обуки и на билатерална основа преку плановите за билатерална соработка со државите.

## 4. ОКОЛНОСТИ И РИЗИЦИ

Во текот на 2022 година некои планирани настани беа или одложени или откажани од носителите од објективни причини. Овие околности влијаеа дел од планираните активности да не се реализираат или делумно да се реализираат.

## 5. ЗАКЛУЧОЦИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Реализацијата на планираните програми во Годишниот план за работа на МО за 2022 година беше предвидена со Буџетот на Министерството за одбрана за 2022 година. Буџетот на Министерството за одбрана за 2022 година првично изнесуваше 13.681.000.000,00 денари или 1,77% од БДП. Со ребалансот на Буџетот од септември 2022 година иститот беше намален на 13.177.000.000,00 денари или 1,64% од БДП. Реализацијата на Буџетот изнесуваше 98,03%. Неопходно е да се посвети поголемо внимание на реализацијата на Буџетот за следната година.

Неопходно е да се посвети поголемо внимание на зановување на административните службеници во Министерството за одбрана. Преку зановувањето на персоналот ќе се подобри старосната структура на оваа категорија на персонал. Воедно неопходно е под итно да се преземат мерки за подобрување на статусот на вработените лица во Министерството за одбрана преку носење на Закон за вработени во Министерството за одбрана. Целта е да се стимулира високо квалификуваниот персонал во кој се инвестирало во неговиот професионален развој да остане во Министерството, но и да се привлече нов способен персонал кој соодветно ќе се води во кариерата и кој соодветно ќе се изгради за да одговори на предизвиците од одбранбениот сектор како на национално, така и на НАТО ниво.

| Ред. бр | ПРОГРАМА | ВКУПНО АКТИВНОСТИ | | РЕАЛИЗИРАНИ | Процент на реализирани активности | ДЕЛУМНО РЕАЛИЗИРАНИ | Процент на делумно реализирани задачи | НЕПРЕДВИДЕНИ АКТИВНОСТИ | Процент на активности непредвидени во програми | НЕРЕАЛИЗИРАНИ | Процент на не реализирани активности |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | АДМИНИСТРАЦИЈА | 137 | 100.00% | 88 | 64.23 | 27 | 19.71 | 0 | 0.00 | 22 | 16.06 |
| 2 | ПЕРСОНАЛ И ОБРАЗОВАНИЕ | 43 | 100.00% | 29 | 67.44 | 5 | 11.63 | 1 | 2.33 | 8 | 18.60 |
| 3 | ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА АРМИЈАТА | 8 | 100.00% | 5 | 62.50 | 1 | 12.50 | 0 | 0.00 | 2 | 25.00 |
| 4 | ОБУКА | 11 | 100.00% | 8 | 72.73 | 3 | 27.27 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 |
| 6 | ЛОГИСТИКА | 10 | 100.00% | 0 | 0.00 | 5 | 50.00 | 0 | 0.00 | 5 | 50.00 |
| 6 | ОПРЕМУВАЊЕ И МОДЕРНИЗАЦИЈА | 27 | 100.00% | 5 | 18.52 | 6 | 22.22 | 1 | 3.70 | 15 | 55.56 |
| 7 | ОБЈЕКТИ И ИНФРАСТРУКТУРА | 5 | 100.00% | 3 | 60.00 | 0 | 0.00 | 1 | 20.00 | 1 | 20.00 |
| 8 | МИРОВНИ И ХУМАНИТАРНИ ОПЕРАЦИИ | 13 | 100.00% | 12 | 92.31 | 1 | 7.69 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 |
| 9 | ВКУПНО ЗАДАЧИ | 254 | 100.00% | 150 | 59.06 | 48 | 18.90 | 3 | 1.18 | 53 | 20.87 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Прилог: Табеларен приказ на спроведени мерки и активности, односно на планирани мерки и активности кои не биле спроведени.** | | | |
| **Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на Владата:**<br>- **Унапредување на националните одбранбени капацитети и способности согласно Стратегискиот Одбранбен Преглед**<br>**Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на органот на државната управа:**<br>- **Унапредување на капацитетите на Министерството за одбрана за успешно спроведување на планираните задачи**<br>**Цел на програмата:**<br>- **Унапредување на работата, зголемување на ефикасноста на внатрешните работни процес.**<br>- **Зајакнување на одбранбената дипломатија и соодветен придонес со персонал во меѓународните организации** | | | |
| НАЗИВ НА ПРОГРАМАТА:<br>1. АДМИНИСТРАЦИЈА | ПОТПРОГРАМА:<br>1.1: Законска и стратегиска рамка (изработка на закони, стратегиски документи). | | ОДГОВОРЕН:<br>МО |
| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
| **Мерка/Активност** | **Показател на резултат со појдовна основа/постигнато на годишно ниво** | **Оценка за напредокот** | **Коментар/Носител** |
| 1. Предлог - Закон за изменување и дополнување на Законот за посебните права на учесниците во мировните операции и операциите за колективна одбрана надвор од територијата на РепубликаСеверна Македонија и на члeновите на нивните семејства. | **Делумно реализирана**<br>Донесен Закон;<br>ГПР на Влада за 2022г. | Законот е доставен на мислење до Владата, сеуште нема повратно мислење/известување за напредокот. | СПР<br>Се работи за воведување на дигитализација на услугите кои ги предвидува Законот.<br>Согласно ГПР на МО за 2022г. предвидена беше реализација во мај. |
| 2. Изработка и донесување на Стратешки план за извршување на внатрешна ревизија за период 2023-2025г. | **Реализирана**<br>Донесен Стратешки план; | Активноста е реализирана, документот е навремено доставен до Министерство за финансии на Република Северна Македонија | СВР<br>Согласно ГПР на МО за 2022г. предвидена беше реализација во дек. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Закон за јавна внатрешна финансиска контрола. | | |
| 3. Изработка на Министерски насоки 2023-2026г. (ППБИ). | **Реализирана**<br>Усогласени и усвоени документи од Влада и Собрание на Републиката;<br>Усвоени Цели на способности. | Министерските насоки 2023-2026г. (ППБИ) се изработени согласно предвидениот рок за реализација. | СПП/соработува со сите сектори во МО и ГШ на Армијата. |
| 4. Изработка на СПРОС 2023-2026г./ажурирање на ДПРОС | **Делумно реализирана**<br>Донесен СПРОС 2023-2025;<br>Ажуриран ДПРОС,<br>Закон за одбрана. | СПРОС 2023-2026г., е во завршна фаза на изработка, документот е одобрен на ПГ и доставен за усвојување на УГ.<br>ДПРОС е во фаза на одобрување и е услов за донесување на СПРОС. | СПП/соработува со сите сектори во МО и ГШ на Армијата<br>Согласно ГПР на МО за 2022г. предвидена беше реализација во јуни. |
| 5. Предлози за приоритетни цели и Стратешки приоритети на МО за 2023г. | **Реализирана**<br>Одобрени приоритетни цели и достава до Владата;<br>Методологија за стратешко планирање и подготвување на ГПР на Влада. | Приоритетни цели и Стратешки приоритети на МО за 2023г. се изработени и доставени до Влада на РСМ (Ген Секрет.). | СПП<br>Согласно ГПР на МО за 2022г. предвидена беше реализација во фев. |
| 6. Изработка на Политика за стратегиски комуникации. | **Реализирана**<br>Донесена политика;<br>Закон за одбрана. | Активноста е реализирана. | СКАОП<br>Согласно ГПР на МО за 2022г. предвидена беше реализација во април. |
| 7. Ажурирање на Комуникациска стратегија на МО. | **Реализирана**<br>Ажурирана Комуникациска стратегија; | Активноста е реализирана. | СКАОП<br>Согласно ГПР на МО за 2022г. предвидена беше реализација јуни. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Закон за одбрана. | | |
| 8. Донесување на годишна инвестициона програма. | **Реализирана**<br>Закон за одбрана. | Задачите согласно Програмата се реализирани. | СН/соработува со сите сектори на МО и ГШ на Армијата. |
| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
| **Мерка/Активност** | **Показател на резултат со појдовна основа/постигнато на годишно ниво** | **Оценка за напредокот** | **Коментар/Носител** |
| 1. Предлог - Закон за вработените во Министерството за одбрана. | **Нереализирана**<br>Донесен Закон;<br>ГПР на Влада за 2022г | Законот е разгледан на седница на Влада (21 јуни 2022), по што се дадени задолженија МО да формира работна група и да го достави до Владата во октомври 2022г. Изработено е решение за формирање на работна група/како и решение за поткомитет согласно Проектот МКД НАТО 2030. Одржана беше јавна расправа на 26.12.2022г. | СПР/СПП/СЧР<br>Во моментов се работи по забелешките од јавната расправа. Целта е до крајот на февруари 2023г. да се достави до Влада пречистен текст на законот.<br>Согласно ГПР на МО за 2022г. предвидена беше реализација во април. |
| 2. Предлог - Закон за изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации. | **Нереализирана**<br>Донесен Закон;<br>ГПР на Влада за 2022г | Законот не е донесен.<br>Во подготовка за иницијативата за дополнување и менување на Законот беше изработена анализа со фокус на ДБКИ, како дел од безбедносниот систем на РСМ. | СПР/ДБКИ<br>При презентирање на иницијативата од страна на ДБКИ во МО на ДБКИ ѝ беше посочена друга можност за уредување на статусот на вработените на ДБКИ, којашто до крајот на годината не беше реализирана.<br>Согласно ГПР на МО за 2022г. предвидена беше реализација во окт. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. Предлог - Закон за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост. | **Нереализирана**<br>Донесен Закон;<br>ГПР на Влада за 2022г. | Законот не е донесен од причина што истиот не бил поднесен до Влада како изницијатива | СПР/СН<br>Неподнесувањето на Законот како иницијатива значи дека неможе да биде дел од ГПР на Влада за 2022 г.(Одговорот од Ген. Секреатаријат на Влада со акт бр. 42-1622/95 од 20.062021 г, добиен во МО по бр. 19-4024/2 од 24.06.2022г) тоа подразбира дека под тој основов неможело ништо да се прземе.<br>Согласно ГПР на МО за 2022г. предвидена беше реализација во дек. |
| 4. Предлог - Закон за цивилна заштита и спасување. | **Нереализирана**<br>Донесен Закон;<br>ГПР на Влада за 2022г | Предлог – Законот не е донесен. | ДЗС/СЦВС/СПР<br>Предлог законот е во надлежност на Дирекцијата за заштита и спасување но Министерството за одбрана согласно законската регулатива има обврска да биде носител на активноста.<br>Согласно ГПР на МО за 2022г. предвидена беше реализација во дек. |
| 5. Предлог - Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување | **Нереализирана**<br>Донесен Закон;<br>ГПР на Влада за 2022г | Предлог – Законот не е донесен. | ДЗС/СЦВС/СПР<br>Предлог законот е во надлежност на Дирекцијата за заштита и спасување но Министерството за одбрана согласно законската регулатива има обврска да биде носител на активноста.<br>Согласно ГПР на МО за 2022г. предвидена беше реализација во јуни. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. Предлог - Закон за заштита од пожари. | **Нереализирана**<br>Донесен Закон;<br>ГПР на Влада за 2022г | Предлог – Законот не е донесен. | ДЗС/СЦВС/СПР<br>Предлог законот е во надлежност на Дирекцијата за заштита и спасување но Министерството за одбрана согласно законската регулатива има обврска да биде носител на активноста. Согласно ГПР на МО за 2022г. предвидена беше реализација во јули. |
| 7. Изработка на Нов Колективен договор на Министерството за одбрана. | **Нереализирана**<br>Донесен колективен договор;<br>Закон за вработените во МО. | **Активноста не е реализирана.** | СПР/СПП/СЧР<br>Согласно ГПР на МО за 2022г. предвидена беше реализација втора половина од ное. |
| 8. Изработка на Национална стратегија за развој на национална мрежа за одбрана, национални политики и процедури за сајбер одбрана и управување со човечки капацитети. | **Нереализирана**<br>Усогласени документи;<br>Закон за одбрана. | Документот е во тек/на изработка и истата ќе биде вклучена во Новата стратегија за сајбер одбрана 2024.. | Сектор К4/соработува со сите сектори во МО/ГШ на Армијата/надворешни институции<br>Стратегијата се изработува во соработка со надворешни институции по препораки од НАТО (насоки и консултации со НАТО завршени март 2021); Проект во рамки на ИПТ за сајбер, во тек.<br>Согласно ГПР на МО за 2022г. предвидена беше реализација во дек. |
| 9. Ажурирање на Правилникот и Упатството за ППБИ. | **Нереализирана**<br>Усогласени документи;<br>Закон за одбрана. | Одржани повеќе координативни состаноци. | СПП/соработува со сите сектори во МО и ГШ на Армијата |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Активноста е во завршна фаза на реализација. | Согласно ГПР на МО за 2022г. предвидена беше реализација во прва половина од годината. |
| **ПОТПРОГРАМА 1.2:** Планирање и подготовки во одбраната | | | |
| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
| **Мерка/Активност** | **Показател на резултат со појдовна основа/постигнато на годишно ниво** | **Оценка за напредокот** | **Коментар/Носител** |
| 1. Ажурирање на документи за Планот за одбрана. | **Реализирана/ Континуирана**<br>Ажурирани документи од Планот за одбрана;<br>Закон за одбрана/ Методологија за спроведување на подготовките за одбрана. | Документите од Планот за одбрана се ажурираат континуирано. Изработена е посебна програма за ажурирање на Планот за одбрана и доставена до Влада на разгледување и усвојување | СПП<br>Согласно ГПР на МО за 2022г. предвидена беше реализација ное. |
| 2. Изработка на предлог буџет на МО за воена состојба за период од три месеци согласно потребите на МО и Армијата. | **Реализирана**<br>Донесен буџет за воена состојба;<br>Закон за одбрана. | Активноста е реализирана согласно предвидениот рок. | СПП во соработка со сите сектори и ГШ на Армијата/Министерство за финансии. |
| 3. Одржување на објекти предвидени за работа на органите на Државната власт за воена состојба. | **Реализирана/ Континуирана**<br>Функционални објекти согласно намената;<br>Закон за одбрана. | Активноста континуирано се е реализирана согласно договорот помеѓу МО и ЈПУЗПП Јасен. Редовно се одржуваат објекти предвидени за работа во Јасен. | СПП/ЈПУЗПП-Јасен<br>Согласно ГПР на МО за 2022г. предвидена беше реализација во текот на целата година. |
| 4. Изработка и донесување на ГПР на МО за 2023г. | **Реализирана**<br>Одобрен и објавен на ВЕБ на МО<br>Закон за одбрана/Упатство за | Активноста реализирана согласно предвидениот рок. | СПП/соработува со сите сектори во МО и ГШ на Армијата, ВА и ВМ.<br>. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната. | | |
| 5. Предлог иницијативи на МО за изработка на ГПР на Владата за 2023 г. | **Реализирана**<br>Доставени иницијативи до Влада;<br>ГПР за работа на Влада за 2023г. | Активноста е реализирана доставени се иницијативи за изработка на ГПР на Влада за 2023 г. | СПП/соработува со сите сектори во МО и ГШ на Армијата. |
| 6. Изработка и донесување на Годишен план за извршување на внатрешна ревизија за 2023 г. | **Реализирана**<br>Донесен Годишен план;<br>Закон за јавна внатрешна финансиска контрола. | Документот е изработен и доставен до Министерство за финансии на Република Северна Македонија. | СВР |
| 7. Изработка на годишна програма за инспекциски надзор во одбраната за 2023 г. | **Реализирана**<br>Донесена програма;<br>ГПР на МО за 2022г. | Активноста е реализирана согласно предвидениот рок. | СИО |
| 8. Годишен План за набавки со склучување на договори на Владата на Република Северна Македонија со влади на странски држави. | **Реализирана**<br>Донесен план;<br>Закон за јавни набавки/ГПР на Влада за 2022г | Активноста е реализирана. Дополнително доставена информација до Влада на РСМ за измени на Годишниот план. | СПП/СЛ/ГШ на Армијата |
| 9. Ажурирање на План за комуникации на МО. | **Реализирана**<br>Ажуриран План за комуникации;<br>Закон за одбрана. | Докумнтот е со важност до 2024г. и истиот е во сила. Истиот е прегледан и е во согласност со плановите.. | СКАОП<br>Планот за комуникации произлегува од Комуникациската стратегија на МО, која поради надворешни фактори сѐ уште не е ажурирана. |
| 10. Следење на реализација на Планот за стандардизација во одбраната за 2022 г. и подготовка на повеќегодишен План за стандардизација во одбраната. | **Реализирана**<br>Подготвен план. | Тековно следење на реализацијата на Планот за стандардизација. Воедно, во јануари е донесен и усвоен Планот за стандардизација во одбраната. | СЛ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11. Имплементација на Национален план за дивестирање на несуштинскиот имот на МО и Армијата. | **Реализирана/ Континуирана** Имплементиран план; ДПРОС 2019-2028/ Одлука на Влада. | Дивестирањето се спроведува преку постапка пред Влада (со одлука) и истото се евидентира во Агенција за катастар на недвижности. | СН/СПР/СФ/ГШ на Армијата /Комисија за располагање со недвижни ствари и движни ствари за потребите на МО. |
| 12. Иницијатива за разгледување на потребата од измени и дополнувања во Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема. | **Делумно реализирана** Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема. | Активноста е делумно реализирана и за истата во тек се консултации за предлог измените на Законот. | СНП/МФ/Стопанска комора Согласно ГПР на МО за 2022г. предвидена беше реализација во окт. |
| **ПОТПРОГРАМА 1.3:** Правна заштита, финансии, ревизија и инспекција | | | |
| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
| **Мерка/Активност** | **Показател на резултат со појдовна основа/постигнато на годишно ниво** | **Оценка за напредокот** | **Коментар/Носител** |
| 1. Донесување Уредби за имплементација на Законот за класифицирани информации:<br>- Предлог - уредба за безбедност на лица-корисници на класифицирани информации (март);<br>- Предлог - Уредба за административна безбедност на класифицирани информации" (април);<br>- Предлог - Уредба за физичка безбедност на класифицирани информации ( мај);<br>- Предлог Уредба за индустриска безбедност на класифицирани информации" (јуни); | **Делумно реализирана** Донесени уредби ГПР на Влада за 2022г./Законот за класифицирани информации | - Предлог - Уредбата за безбедност на лица-корисници на класифицирани информации, е донесена и објавена во сл. весник;<br>- Предлог - Уредбата за административна безбедност на класифицирани информации и на информации за ограничена употреба со комплет материјали за поднесување пред Влада е доставен на понатамошна надлежност до Кабинетот на МО, допис од 09.12.2022 година;<br>- Останатите Уредби се префрлени за реализција за 2023 г. | СПР/ДБКИ Согласно ГПР на МО за 2022г. предидена беше реализација во прва/втора половина од годината. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Предлог - Уредба за безбедност на комуникациско - информациски системи класифицирани информации" (јули). | | | |
| 2. Предлог –одлука за измена на Уредбата за методологијата за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на Република Северна Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите од системот за управување со кризи на кои им се доставува целосен извод од процената. | **Делумно реализирана**<br>ГПР на Влада за 2022г. | Изработен Предлог-документ. Потребно е меѓуинстуционална координација. | СПР/ЦУК<br>Согласно ГПР на МО за 2022г. предидена беше реализација во март. |
| 3. Предлог- одлука на Влада за донесување на Уредба за критични специјалности од доменот на– КИС и Сајбер одбрана во МО и Армијата. | **Делумно реализирана**<br>Донесена уредба<br>ГПР на Влада за 2022г. | Уредбата е изработена во МО и истата е доставена до Собрание на РСМ на натамошна постапка. | Сектор за К-4<br>Согласно ГПР на МО за 2022 г. предвидена беше реализација во април. |
| 4. Предлог - Уредба за методологија за распределба на наменски дотации за плати и додатоци на плати за вработените во територијалните противпожарни единици за 2023 г. | **Реализирана**<br>Донесена уредба;<br>ГПР на Влада за 2022г./Закон за пожарникарството/Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа/Закон за локалната самоуправа | Активноста е реализирана. | СПР/СФ |
| 5. Предлог - Уредба за координација на работата, односите и организацијата во дипломатските претставништва, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката. | **Реализирана**<br>Донесена уредба;<br>Закон за изменување и дополнување на Законот за одбрана („Сл. весник на РСМ“ бр.24/20)/Изменување | Документот беше изработен и усогласен помеѓу сите државни органи кои упатуваат нивни претставници во Постојаната делегација, во НАТО. Во рамки на Сто и седумнаесеттата седница на Владата на РСМ одржана на 2 ноември 2021 г. беше прифатен | СМС/ГШ на Армијата/СПП/СПР<br>Уредбата е преименувана во „Уредба за кординација на работата, односите и организацијата на дипломатското претствништво на РСМ во НАТО со седиште во Брисел“ и истата е помината на Влада. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | на Законот за надворешни работи. | текстот на Предлог – Уредбата со одлука бр. 40-11129/1. | |
| 6. Предлог - Одлука за потпишување на Договор за соработка во одбраната меѓу Владите на Република Северна Македонија и Португалската Република. | **Делумно реализирана**<br>Потпишан договор;<br>ГПР на Влада за 2022г. | Делумна реализација се чека од страна на Португалската влада за потпишување на Договорот. | ГШ на Армијата/СМС<br>Согласно ГПР на МО за 2022 г. предвидена беше реализација во мај. |
| 7. Одлука за определување на органите на државната управа кои се подготвуваат за остварување на својата функција во воена состојба. | **Реализирана**<br>Закон за изменување и дополнување на Законот за одбрана. | Изработен е процес на рефлексија за ажурирање на Планот за одбрана за што беа реализирани работилници во кои беа вклучени ОДУ и ОДВ. | СЦВС/СПП/СПР |
| 8. Изработка и донесување на нов Правилник за користење на службени моторни возила. | **Реализирана**<br>Донесен правилник. | Активноста е реализирана. | СУТВПОиО |
| 9. Изработка и донесување на Упатство за одржување на службените моторни возила со процедури за управување на службените моторни возила во возниот парк на МО. | **Реализирана**<br>Донесен правилник. | Активноста е реализирана и се постапува согласно документот . | СУТВПОиО |
| 10. Правилник за распоредување на припадниците на Армијата и вработените во МО, надвор од територијата на Републиката, за учество во хуманитарни и меѓународни операции, НАТО мисии и операции и во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност. | **Делумно реализирана**<br>Донесен правилник;<br>Закон за изменување и дополнување на Законот за одбрана. | ГШ на Армијата со акт „ОУ“ бр. 21-35/559 од 12.07.2020 г. до МО го достави Предлог – Правилникот.<br>Правилникот сеуште не е донесен. | ГШ на Армијата/ СПР/ СПП/СМС/СЧР<br>Согласно ГПР на МО за 2022г. предвидена беше реализација во фев. |
| 11. Донесување на Концепт за резервни сили:<br>- Донесување на Правилник за избор и пополна на персонал во активната резерва. | **Делумно реализирана**<br>Донесен Концепт за резервни сили - правилник<br>Закон за одбрана/Закон за изменување и | - Концептот за резервни сили на ПГ (08.04.2022г.) и истиот согласно забелешките доуреден и доставен на разгледување на УГ; | СЦВС/СПР<br>Изработени се измени и дополни на Законот за служба во Армијата и со истиот акт се испратени до СПР на понатамошна постапка, а се |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | дополнување на Законот за одбрана | - Изработен е Нацрт-Правилникот и истиот на 28.12.2021г. доставен до СПР на понатамошна постапка. | поврзани со имплементација на Концептот за резервни сили и донесување на наведениот Правилник.<br>Согласно ГПР на МО за 2022г. предвидена беше реализација во прва половина од годината. |
| 12. Правилник за остварување на работите од членовите 133, 134 и 135 од Законот за одбрана разузнавање, контраразузнавање и спречување и откривање на кривични дела во одбраната. | **Делумно реализирана**<br>Закон за изменување и дополнување на Законот за одбрана | Изработен документ доставен на одобрување кај МО. | ССБиР/СПР<br>Согласно ГПР на МО за 2022г. предвидена беше реализација во март. |
| 13. Правилник за начинот на избор на стипендирани лица на јавниот конкурс, стипендирањето и наградувањето, како и содржината на договорот за правата и обврските за стипендирањето. | **Делумно реализирана**<br>Донесен правилник;<br>Закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата. | Со акт на ВП 2803/14 Скопје „ОУ“ број 21-42/71 од 15.04.2020 г. до МО е доставен Предлог – Правилникот. Правилникот сеуште не е донесен (ГШ). | ГШ на Армијата/СПР<br>Согласно ГПР на МО за 2022г. предвидена беше реализација во март. |
| 14. Ажурирање на Упатството за носителите, содржината и постапката при планирање и градење на објекти од значење на одбраната. | **Реализирана**<br>Ажурирано упатство;<br>Референтна законска регулатива. | Активноста се реализира согласно предвидената динамика. | СН/СПР/ГШ на Армијата |
| 15. Изработка на воздухопловно технички билтени за одржување на воздухопловите на Армијата. | **Реализирана**<br>Донесени билтени;<br>Закон за воздухопловство. | Техничките билтени се донесуваат согласно утврдена потреба или препорака од производителот на воздухопловите. | С-ВВА/ГШ на Армијата |
| 16. Извршување на редовни и вонредни внатрешни ревизии согласно Годишниот план за извршување на внатрешна ревизија за 2022 г. | **Реализирана**<br>Изработени извештаи и меморандуми од извршените внатрешни ревизии<br>Закон за јавна внатрешна финансиска | Активноста е реализирана освен ревизијата која беше планирана за последниот квартал од годината на исплатата на надоместоци на плати(додатоци, надоместоции за внатрешна | СВР |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | контрола/Закон за одбрана/Годишен план за извршување на внатрешна ревизија за 2021 г. | служба и трошоци за превоз) во МО и Армијата. | |
| 17. Изработка и донесување на Годишен извештај за извршените ревизии и активностите на СВР за 2021 г. | **Реализирана**<br>Донесен годишен извештај<br>Закон за јавна внатрешна финансиска контрола. | Годишниот извештај е изработен и доставен до Министерство за финансии. | СВР |
| 18. Изработка на годишен извештај за реализација на програмата за инспекциски надзор во одбраната за 2021 г. | **Реализирана**<br>Изработен извештај<br>Закон за одбрана и други закони и подзаконски акти од областа на одбраната | Активноста е реализирана согласно предвидениот рок. | СИО |
| 19. Реализација на програмата за инспекциски надзор во одбраната за 2022г. | **Реализирана**<br>Реализирана програма;<br>Закон за одбрана и други закони и подзаконски акти од областа на одбраната. | Годишната програма за и/н во одбраната за 2022г. е навремено изработена и донесена од МО согласно законски утврден рок.<br>4 активности од Програмата не се реализираа од објективни причини. За реализација на активноста, посета на ЈП Јасен, СИО направи координација со СПП, од каде со електронска пошта од 16.11.2022г. предложија одлагање на активноста. | СИО<br>Активностите се реализираа согласно предвиденото и донесениот налог од МО. Реализацијата отпочна по добивање на решенијата за користење на печати на инспекторите за одбрана. |
| 20. Следење на договорот за Воздушно патролирање-Aır Polıcıng во воздушниот | **Реализирана**<br>Билатерална соработка; | Договорот е склучен и истиот е ратификуван од страна на | С-ВВА/ГШ на Армијата |

| | | | |
|---|---|---|---|
| простор на Република Северна Македонија со Грција. | ТА за воздушно патролирање. | собранието (Сл. весник на РСМ бр. 318/20). | |
